# ИЗВЕШТАЈ

## за повреди на човекови права

### од документирани случаи во Коалиција Маргини за периодот 1.8.2021- 30.11.2021

Драгана Дрндаревска
правна советничка, Коалиција Маргини

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маригини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Во периодот од 1 август до 30 ноември 2021 година во Коалицијата Маргини се документирани 61 случај на прекршување на правата, во кои има минимум 64 жртви од различни заедници. Документирани се 3 случаи во кои има неопределен број жртви. Во овие случаи се работи за говор на омраза на социјалните мрежи по објави од страна на медиумите и еден случај на немање пристап до безбедна вода за пиење во село Раштак. Од овој проблем биле засегнати повеќе од 400 жители кои постојано се обраќале до Општина Гази баба со барање за реализација на проектот за приклучување кон водоводна мрежа, но безуспешно. На ваков начин се оневозможува пристапот до правото на вода, поради географската оддалеченост, односно негиржата за пристапот до основни услуги во руралните средини. Поседиците од овој проблем стануваат уште посериозни ако се земе предвид Ковид 19 пандемијата и потребата за редовно одржување на хигиентата како превенција од вирусот. Оттука, со непристапноста до безбедна вода се загрозува здравјето на сите жители на селото.

Во овој период случаите во најголем дел се документирани од страна на правници, параправници и даватели на други услуги во здруженија на граѓани, а во помал број од страна на самите жртви од маргинализираните заедници.

Некоја форма на **дискриминација** е документирана во 24 случаи. Во оваа бројка не се вклучени 25те документирани случаи на родово засновано насилство кои исто така претставуваат облик на дискриминација (1). Најмногубројни жртви во случаите на дискриминација се ЛГБТИ (6), луѓето што употребуваат дроги (5) и сексуалните работници (5). Лицата со попреченост се жртви во 2 случаи, во еден случај е лице кое живее со ХИВ, во еден случај бремена жена, работничка и еден случај каде што жртва е неевидентирано лице во матична книга за родени. Помеѓу ЛГБТИ луѓето најбројни се случаите на говор на омраза (вознемирување врз основа на сексуална ориетација и родов идентитет), дискриминација во пристапот до добра и услуги и еден случај на дискриминаторско постапување на полициски службеници кон транс жена. Во овие случаи како жртви доминираат трансродовите жени. Еден од случаите е во врска со прекинување на договорот за закуп на стан, откако сопствениците дознале од соседите дека се работи за транс жена. Наоѓањето на живеалиште под закуп претставува постојан проблем на трансродовите жени, од една страна е нивната родова експресија која е предмет на осуда, а од друга фактот што документите за лична идентификација не се усогласени со родовиот идентитет. Сопствениците при потпишување на договорот дознаваат за трансродовоста и најчесто даваат различни изговори за да одбијат услуга. Случаите на дискриминација на луѓето што употребуваат дроги се во областа на здравството или во областа на социјалната заштита. Во еден случај се работи за привремено одземање на дете по анонимна пријава и негово сместување во СОС детско село, само поради тоа што родителите се лекуваат од опијатна зависност со супституциска метадонска терапија,

(1) CEDAW, General recommendation No. 19: Violence against women, 1992.

односно без да се утврди дека не се грижат добро за детето. Случаите на дискриминација кон сексуалните работнички се во најголем дел случаи на вознемирување во живо и онлајн поради занимањето, родот и родовиот идентитет. Кон лицата со попреченост се работи за два случаи на проблеми во пристапот до образовни институции, а случајот кон бремената работничка е веќе утврдената практика на непордолжување на договорите за вработување по дознавањето за бременоста. Во областа на работните односи како жртва се јавува и трансродов маж кој добива отказ поради родовиот идентитет, кој станува проблематичен за работодавачот. Овој случај е пријавен пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, но сè уште нема одговор.

Документирани се два случаи на дискриминација во пристапот до приватно здравствено осигурување, едниот на директна дискриминација кон лице кое живее со ХИВ, а другиот на индиректна дискриминација кон лице кое употребувало droги и се лекувало од Хепатит Ц. Во првиот случај, на работното место на лицето кое живее со ХИВ на сите работници им било понудено бесплатно да склучат приватно здравствено осигурување, но во условите и критериумите лицето прочитало дека договорот не можат да го склучат луѓето што живеат со ХИВ и дека по склучувањето осигурителната компанија ќе има пристап до нивните здравствени податоци. Во другиот случај се работи за жена која употребувала дроги и се лекувала од Хепатит Ц. Била одбиена бидејќи осигурителната компанија дознала дека порано се лекувала од ХЦВ откако ги пополнила своите здравствени податоци. Бидејќи луѓето што инјектираат дроги се под најголем ризик од трансмисија на ХЦВ, тие како група се жртви на индиректна дискриминација, додека повеќе групи на хронично болни директно се дискриминираат преку критериумите. Случајот беше пријавен пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, но таа не утврде дискриминација бидејќи „...Според Комисијата, избегнувањето на ризик од финансиска загуба преставува легитимна цел за да се дискриминираат различни групи на пациенти без разлика дали во моментот се лекуваат или се излечиле од некоја болест. На овој начин Комисијата неправилно го применува Законот за спречување и заштита од дискриминација што дефинира што може да биде легитимна цел, како: „целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат“. Дали според Комисијата профитот на осигурителната компанија е реална потреба а дискриминацијата на пациентите е неопходен начин да се оствари таа цел?!“ (2) Во случајот каде жртва е неевидентирано лице, се работи за ограничување на социјалните права поради дискриминаторска практика на банката. Се работи за лице со физичка попреченост кое добило решение за остварување на социјални права од ЦСР, но банките не сакале да му извадат трансакциска бидејќи е евидентирано само во посебната матична

(2) Соопштение на Мрежата за заштита од дискриминација „ Комисијата за спречување и заштита од дискриминација треба да ги штити правата на маргинализираните граѓани, а не профитот на приватните компании“, 10.11.2021. Достапно на веб страницата на Коалиција Маргини.

книга на родени согласно Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, а не на вообичаениот начин. Случајот зборува за дополнителните бариери со кои се соочуваат овие лица и покрај донесениот закон кој треба да им го олесни пристапот до институциите и правата.

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | ХИВ | СР[3] | ЛУД[4] | Попреченост | Жртви на РЗН/СН[5] | дете | ЛГБТИ | Нема конкретни жртви | **Вкупно Случаи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс | Мак. | Алб. | Ром. | Други | | | | | | | | | |
| 1 | социјална заштита | 4 | 10 | | 7 | 1 | 7 | | | | 3 | 2 | | 1 | | | 13 |
| 2 | Работни односи | 3 | | 1 | 2 | 1 | | 1 | | 2 | | | | | 1 | | 3 |
| 3 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 2 | 3 | | 4 | | 1 | | 1 | | 3 | | | | | | 5 |
| 4 | Полиција | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | | | | | 1 | | 2 |
| 5 | РЗН/СН | 27 | | | 10 | 8 | 5 | 4 | | 14 | 3 | | 27 | 3 | 1 | | 25 |
| 6 | Насилство од омраза | 2 | | 1 | 1 | 1 | | 1 | | 3 | 1 | | 3 | | 1 | | 3 |
| 7 | Говор на омраза | 2 | | | 1 | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 1 | 2 | 4 |
| 8 | Добра и услуги | | | 3 | | 2 | | 1 | | 3 | | | 3 | | 3 | 1 | 4 |
| 9 | Образование | 1 | | | 2 | | | | | | | 2 | | 2 | | | 2 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 1 | | | | | | | 1 | 5 | 5 | 2 | 1 | | 6 | 3 | 24 |
| **Вкупно** | | **41** | **14** | **6** | **28** | **14** | **14** | **7** | **1** | **24** | **10** | **4** | **34** | **6** | **8** | **3** | / |
| **Вкупно случаи** | | | | | | | | | | | | | | | | | **61** |
| **Вкупно жртви** | | | | | | | | | | | | | | | | | **64+** |

**Табела 1: Случаи според видови повреди на права и карактеристики на жртви**

(3) Сексуални работници
(4) Луѓе што употребуваат или употребувале droги
(5) Родово засновано насилство или семејно насилство




Документирани се три случаи на **насилство од омраза**. Во сите три случаи жртви се сексуални работнички, две цис и една трансродова жена. Во едниот случај се работи за насилство од омраза од страна на клиенти, кои ја договориле за сексуална услуга за да ја малтретираат, понижуваат и малтретираат поради занимањето и возраста. Притоа употребувале физичко, сексуално и вербално насилство по што жртвата имала видливи повреди. Во другиот случај жртва е сексуална работничка, корисничка на дроги која додека чекала да дојде клиент пред болницата била жртва прво на говор на омраза, а потоа и на насилство од омраза од страна на вработен што стоел со пријатели пред болницата. И во третиот случај се работи за транродова жена сексуална работничка, која додека се движела по улица била вербално нападната од страна на непознати лица од автомобил. Лицата ја навредувале и понижувале поради родовиот идентитет и и се заканувале со насилство, по што едниот сторител излегол од автомобилот и ја удрил силно со бокс по стомакот по што паднала на земја. Сите овие случаи се и форми на родово засновано насилство, но омразата заснована на род е највидлива кон сексуалните работнички кои се група најранлива на насилство од околината, партнерите, клиентите и од полицијата. Но и во останатите случаи документирани како родово засновано насилство над сексуални работници е присутно насилството од омраза врз основа на родов идентитет. Во овие случаи не станува збор само за афирмирање на токсичниот маскулинитет преку изразување на надмоќта врз жените со физичко насилство, туку се оди и чекор понатаму, отворено се мразат овие жени, се навредуваат, понижуваат, се силуваат и тепаат поради нивното

занимање, при што се искористува нивната ранлива положба предизвикана од стигмата и криминализацијата(6) преку практиката на институциите.

**Говор на омраза** е документиран во 4 случаи. Во едниот случај жртви биле сексуалните работнички на отворена сцена во Гостивар, од страна на група на млади мажи. Мажите се приближиле и почнале да ги навредуваат и понижуваат сексуалните работнички поради нивното занимање, род, родов идентитет, а сексуалните работнички Ромки биле вознемирувани и поради расата и етничкото потекло итн. Во вториот случај, жртва е Ромка сексуална работничка која била вербално вознемирувана поради расата, занимањето и родот од страна на мажи кои ја прателе со автомобил за да ја навредуваат. Во третиот случај станува збор за вознемирување на лезбејка на социјалните мрежи поради сексуалната ориетација. Последниот документиран случај е за говор на омраза на социјалната мрежа Фејсбук под објавата на Слободен печат на текст за убиствата на хомосексуалци од страна на Талибанците од Авганистан. Во коментарите се поздравуваат делата на Талибанците, се бара да се убиваат хомосексуалци и во Северна Македонија и се слави и одобрува делото на Хитлер. За случајот е испратена кривична пријава до Основното јавно обвинителство, но сè уште нема повратна информација иако се изминати повеќе од два месеци.

**Родово засновано насилство** е документирано во 25 случаи во кои има 27 жени жртви, од кои една малолетна и дополнителни две деца на жените жртви. Помеѓу овие жртви има една лезбејка и 14 сексуални работнички, од кои 3 истовремено се и корисници на droги. Во најголем број од овие случаи сторители се партнерите на жртвите, а во помал се клиентите на сексуалните работнички или трети лица од околината. Спред етничката структура на жртвите, 10 се македонки, 8 албанки, 5 ромки и 4 други. Овие 4 други се најмногу сексуални работнички од Србија со нерегулиран престој и една турчинка со македонско државјанство. Исто така мал дел од албанките, се државјанки на Албанија со нерегулиран престој. Всушност овие сексуални работнички се најранлива група бидејќи не само што не им веруваат на институциите, туку и се плашат од нив бидејќи можат да бидат депортирани во земјата на потекло. Поради ова лесно можат да станат жртви на трговија со луѓе. На пример, во еден од документираните случаи, сексуална работничка, државјанка на Албанија со нерегулиран престој била жртва на физичко и сексуално насилство од нејзиниот партнер кој истовремено е макро. Ја принудил со вербална закана и физичко насилство, против нејзина волја да дава сексуални услуги, и ги земал парите по што ја заклучил во стан со намера повторно да ја принудува да дава сексуални услуги. Таа континуирано била жртва на силување и физичко насилство, со што случајот добива облик на трговија со луѓе. Овие жени контактираат единствено со параправничките кои се дел од заедницата на сексуални работници, повремено користат бесплатни гинеколошки услуги од здруженијата, но никогаш нема да ги пријават случаите поради несоодветниот одговор и третман од страна на институциите.

(6) Сексуалната работа согласно КЗ не е кривично дело, до сексуалните работници се третирани како криминалци преку практиката на институциите, а полицијата во најголем обем.

Во еден случај жртва е малолетно девојче, штитеничка на дом за деца без родители која била брутално тепана и силувана од двајца насилници. Таа го пријавила настанот ПС Велес, а три дена подоцна ја повлекла изјавата. Портпаролот на СВР Велес ја извести јавноста дека малолетничката изјавила дека лажно ги пријавила лицата и дека немало „обљуба“, а по документирање на случајот против неа ќе биде изготвен соодветен поднесок за лажно пријавување. Полицијата не зема предвид дека малолетничката била во болница од каде има соодветна медицинска документација со која се документира физичкото и сексуалното насилство и не зема предвид дека малолетно девојче без родители се наоѓа во многу ранлива положба, од каде насилниците лесно можат да ја заплашат, уценат или на друг начин да влијаат на нејзината изјава. Наместо да ги испита околностите, полицијата покренува постапка за лажно пријавување. И во овој случај е видливо несоодветното постапување на институциите за социјална заштита. Во случајот Центрот за социјална заштита треба итно и проактивно да преземе мерки и да ги заштити правата и интересите на девојчето, вклучително и во полициската постапка.
Во случаите каде е документирано семејно насилство, повторно станува збор за насилство кое трае подолго време. Бидејќи жените вообичаено долго време го трпат насилството, се надеваат дека ќе помине, го минимизираат неговото значење пред да се одлучат да кажат некому, па кога случаите ќе се документираат веќе станува збор за насилство кое трае подолго време. Во еден таков случај жртвата има сериозни психолошки последици проследени со суицидални мисли како последица на долгогодишното трпење насилство од страна на брачниот партнер, за што има и соодветна медицинска документација. После долгогодишниот трпење насилство кое сериозно се одразува на нејзиното здравје жената бара помош за да се разведе. Документирани се и случаи на семејно насилство во кои жртвите пријавуваат во полиција, но полицијата не покренува постапки по што се демотивираат да се обратат до други институции. Во еден таков случај, жената неколку дена била жртва, пробала да се засолни кај нејзините родители, но и кај нив отишол насилникот и ја малтретирал, по што пријавила во полиција. Службениците во ПС Бутел не сакале да постапат бидејќи според нив немало основ бидејќи жртвата немала медицинска документација и видливи повреди. Повторно се повторува истата практика на непостапување и неверување на жртвите од страна на полицијата, кои наместо доследно да го спроведуат законот, одбиваат да постапат, да приберат соодветни докази и да пружат заштита на жртвите.
Исто така се докумнетирани неколку случаи на сексуално вознемирување преку објавување на приватни фотографии од страна на поранешни партнери или од страна на онлајн медиуми. Во случаите кај што жртви се Ромки видлива е нивната ранлива положба и поради расата. Во еден случај на сексуално вознемирување, група на мажи следеле млада Ромка на улица, ја малтретирале, понижувале и ѝ довикувале сексистички и расистички

коментари. Овие жени се жртви на специфична форма на насилство поради интерсекцијата на родот и расата, односно бојата на кожа.
Во областа на **социјалната заштита и социјалните права** се документирани 13 случаи. Во оваа област нема значајни промени, односно повторно се документираат случаи на неосновано одбивање или укинување на некое социјално право. Најчесто станува збор за ускратување на правото на гарантиран минимален приход, детски додаток или додаток за туѓа нега. Во овие случаи најчесто се работи за неправилно утврдување на фактичката состојба, што не е јасно дали е прашање на недостаток на капацитети, невнимателно работење или тенденциозно постапување со цел барателите да се демотивираат. Во оваа област социјално загрозените лица имаат и проблеми со пристапот до правда, постапките по жалби не се доволно ефикасни или го упатуваат превостепениот орган да го реши предметот во корист на барателот, а првестепениот орган не го прави тоа, со што се загрозува егзистенцијата на голем број лица. Во овие случаи како жртви доминираат мажите (10), 4 жени и едно дете. По етничка структура, жртви се 7 македонци, 7 Роми и 1 албанец/ка. Мажите жртви во најголем дел се Роми. Секако голем процент на Роми се социјално згрозено население поради системската дискриминација и расизам, но ова се дожи и на фокусот на здруженијата на граѓани, кои согласно потребите засилено работат на овој проблем со заедницата и овозможуваат бесплатна правна помош. Во два случаи жртви се лица со попреченост, во кои не им било доделено правото на додаток за туѓа нега и покрај соодветната медицинска документација која содржела изјава од доктори дека не можат самостојно да се грижат за себе.
Документирани се пет случаи на повреда на права во областа на **здравствената заштита и здравственото осигурување**, во кои жртви се две жени и тројца мажи, од кои три се лица кои употребуваат дроги. Два од овие случаи, во врска со приватното здравствено осигурување се образложени во делот за случаите на дискриминација. Во други два случаи се работи за неовозможување на пристап до лекување во затвори, едниот во Штип, другиот во Идризово, а во едниот случај жртва е жена што употребувала дроги. Оваа состојба во затворите е оддамна позната и постојано се апелира за доследно спроведување на законот, спроведување редовни прегледи и дистрибуирање на терапија на затворените лица кои имаат потреба. Едниот случај бил пријавен во Народниот правобранител по што состојбата се подобрила, а во другиот случај интервенирал Хелсиншкиот комитет по што му била обезбедена терапијата на осуденото лице. Во последниот случај лице кое употребувало дроги било одбиено од приватна забна ординација бидејќи лекарот сметал дека ако другите пациенти видат дека него го лекува ќе престанат да доаѓаат. И во областа на здравствена заштита се работи за континуирани и системски проблеми на маргинализираните заедници во оваа област, кои континуирано не се надминуваат.

Два од три докумнетирани случаи во областа на **работните односи** претставуваат дискриминација, и се споменати во тој дел. Во едниот станува збор за дискриминација врз основа на родов идентитет, а во другиот дискриминација поради бременост (заснована на род). Бремената жена од работодавачот побарала да ги користи мерките, односно да биде изземена од работни обврски, но тој кога дознал ѝ кажал дека нема да и го продолжи договорот за вработување на определено време. Ова претставува системска дискриминација кон жените која може да се реши со измени во Законот за работни односи преку ограничување на примената на договорот на определено време и преку изречно предвидување дека отказ или непродолжување на договор на бремена жена претставува прекршок проследен со глоба. Во третиот случај се работи за повреди стекнати на работно место, кафеана во која сексуалните работнички работат на келнерки и танчерки. По избивање на вербална и физичка пресметка помеѓу гостите, жените се здобиле со сериозни телесни повреди.
Во бласта на **полицискoто постапување** се документирани два случаи. Во едниот жртва е трансродова жена, и во случајот се работи за одбивање да постапат и за испејување на нејзиниот родов идентитет. Непознато лице почнало да ја исмејува и навредува транс жената и покрај тоа што му рекла да престане тој продолжил со малтретирање. Таа повикала полиција, но полицајците наместо да постапи професионално се приклучила кон исмејувањето на транс жената. На почеток одбивале да земат изјави но на крај земале. Во другиот случај станува збор за полициска бруталност. Полициски службеници во обидот за ставање лисици на лицето му нанеле тешки телесни повреди по што следела хируршка интервенција за да се санираат повредите. Случајот е пријавен во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, но сѐ уште нема одговор.
Во пристапот до **добра и услуги** се документирани три случаи на дискриминација, а во два од нив жртви се трансродови жени, сексуални работнички. Едниот случај во врска со приекинот на договорт за закуп на стан е опфатен во делот за случаите на дискриминација. Во другиот случај станува забор за трансродова жена на која не и било дозволено да влезе во угостителски објекти и притоа ја вреѓале поради родовиот идентитет и ѝ се заканиле со насилство, по што таа го напуштила објектот.
Во областа на **образованието** документирани се два случаи во кои жртви на дискриминација се деца со попреченост, односно со аутизам. Во едниот случај станува збор за одбивање на прием во градинка, но случајот позитивно се решил откако интервенирало Министертсвото за труд и социјална политика. Во другиот случај се работи за дете со аутизам кое поради состојбата не може да посетува настава со маска, за што е потребно Министерството за образование и наука да воведе исклучок во правилото за овие деца.

**Документирани случаи по место на случување**

Најголем број од случаите се настани кои се случиле во Полошкиот регион (28), потоа во Скопскиот (12) и Источниот (11). Во Вардарскиот регион се документирани 5 случаи, а во Североисточниот и Југоисточниот по еден. Иако бројот на случаи не е мал, сепак не е репрезентативен за да се извлечат генерални заклучоци за повредите на правата по региони, бидејќи распределбата на случаи по региони е детерминирана од активностите на здруженијата, правниците и параправниците. Но сепак, континуираното документирање на голем број на случаи на родово засновано насилство во Полошкиот регион зборува за итна потреба од овозможување на сервиси за овие жени, интензивирање на активностите за бесплатна правна помош, работа на превенција и работа со заедницата за намалување на предрасудите засновани на род и родов идентитет. Во Источниот регион најголем број од случаите (9) се повреда на социјални права, поради активностите на здружението КХАМ Делчево кое активно работи помеѓу Ромите на обезбедување правна и параправна помош. Случаите во кои има дискриминација се најмногу документирани во Скопскиот (11) и во Полошкиот (9) регион.

**Табела 2: Случаи според видови повреди на права и распределба по региони**

| Видови повреди на права | | Региони | | | | | | Медиуми/ социјални мрежи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полошки | Вардарски | Источен | Скопски | североисточен | југоисточен | |
| 1 | социјална заштита и социјални услуги | 1 | | 9 | 2 | | 1 | |
| 2 | Работни односи | 1 | 1 | | 1 | | | |
| 3 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 1 | | 1 | 3 | | | |
| 4 | Полиција | | | 1 | 1 | | | |
| 5 | РЗН/СН | 19 | 4 | | | | | 2 |
| 6 | Насилство од омраза | 3 | | | | | | |
| 7 | Говор на омраза | 2 | | | 1 | | | 1 |
| 8 | Добра и услуги | 1 | | | 3 | | | |
| 9 | Образование | | | | 1 | 1 | | |
| Случаи во кои има дискриминација | | 9 | 1 | | 11 | 1 | | 2 |
| **Вкупно по региони** | | **28** | **5** | **11** | **12** | **1** | **1** | **3** |

**Родови аспекти од документираните случаи**




Според родовата структура на жртвите, најмногубројни се жените (67% или 41 жена жртва), потоа мажите (23% или 14 мажи) и трансродовите луѓе (10% или 6 лица). Жените доминираат како жртви во случаите на насилство и говор од омраза, работни односи и родово засновано насилство. Мажите се доминантно жртви во случаите на повреда на социјални права, полициска бруталност и здравство. Трансродовите лица се жртви во случаите на дискриминација во пристапот до добра и услуги, насилството од омраза и полицискотo постапување. Притоа, се работи за 5 трансродови жени и еден трансродов маж. И овој пат структурата говори за строго патријахално уредување и распространет шовинизам кој генрира насилство врз жените, а особено кој најголемите престапнички на родовите норми, сексуалните работнички. Случаите на говор на омраза, родово зансовано насилство и насилство од омраза јасно говорат за мизогенија, омраза кон жените и нивно гледање како помалку вредни и достојни за почит и еднаков третман. Мажите повеќе се наоѓаат во улога на жртви на повреди на социјални права бидејќи во рамки на едно социјално загрозено семејство, најчесто мажите се баратели на социјална помош за они да располагаат со финасиите во домаќинството, наспроти нивните сопруги.

И покрај очигледната потреба за системски промени и одлучни чекори за заштита на жениските права, здравје и живот, институциите продолжуваат да придонесуваат кон афирмација на мизогенијата. Во еден документиран случај жртва е сексуална работничка, ромка и корисничка на дроги која била жртва на силување од страна на двајца полициски службеници, кои

кои искористувајќи ја својата положба ја принудиле на сексуални односи. Иако овие случаи често се случуваат, сексуалните работнички никогаш нема да ги пријават или јавно да проговорат за ова насилство бидејќи знаат дека институциите нема да ги поддржат, а притоа ќе станат уште поранливи на полициска бруталност и осуда од страна на целото општество. Сѐ додека не се промени моделот на регулација на сексуалната работа кон декриминализација, овие случаи на сексуално насилство од страна на полицијата ќе останат документирани во здруженијата. Непостапувањето во случаите на семејно насилство ескалираше во Велес во случајот во кој жртвата со нож му нанесе убодна рана што го усмрти насилникот, кој пробал да ја дави. Во овој случај насилникот е дури полициски службеник, кој бил сторител на повеќе кривични дела, а притоа и јавно физички ја нападнал сестрата на жртвата. Делото е сторено во нужна одбрана и по повеќегодишно трпење на насилство, поради што жртвата треба да се ослободи од кривична одговорност. Одговорни за ова дело се институциите кои не реагирале и уште повеќе дозволиле насилник да биде полициски службеник, и да биде одговорен за заштита на правата и животот на другите. Освен што нема значајни промени во практиката на полицијата, сѐ уште не се започнати реформи на законодавството кое низ годините се покажа како нефункционално во целта да ги натера полициските службеници ефикасно да ги заштитуваат жените од насилство. Дополнително, предвидена е обврска на усогласување на Законот за полиција и подзаконските акти со Истанбулската конвенција, за што рокот е изминат веќе две години (7). Непостапувањето или неефикасното постапување на обвинителството во случаите на заштита на жените од насилство, исто така продолжува и покрај бројните повици и протести.

**Што прави ОЈО?**

Жена жртва на силување и физичко насилство од страна на поранешниот партнер го чека Основното јавно обвинителство во Велес веќе 15 месеци да постапи. Обвинителството ја известило во мај 2021 година дека сѐ уште презема процесни дејствија. Во меѓувреме сторителот слободно се движи низ градот, не му е изречена мерка притвор, додека жртвата се плаши да излезе од домот и дополнително се справува со стигма, озборувања и обвинувања од страна на околината. На ваков начин органите на прогонот го поддржуваат насилството врз жените, а непреземањето на ефикасните мерки се должи на предрасуди во постапувањето наместо професионално спроведување на законот, но исто така непотизамот и корупцијата не се исклучени како можност во делувањето на овие институции. Наместо заштита, жртвите се виктимизираат, а со тоа што не им се овозможува правда, не им се овозможува психолошко закрепнување, дополнително се трауматизираат, им се уништува благосостојбата и можноста за нормално функционирање.

(7) Измената на овој закон според Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023 беше предвидена во првата половина на 2019 година.

**Препораки:**

- Измени и дополнувања на Кривичниот закон со цел екплицитна забрана на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет;
- Реформи на Законот за полиција и подзаконските акти, со цел усогласување со Истанбулската конвенција и донесување на детални упатства за постапување во случаите на родово засновано насилство, насилство од омраза, говор на омраза и постапување со маргинализирани заедници.
- Зајакнување на капацитетите на полициските службеници и обвинителите во областа на заштита од родово засновано насилство, кривични дела од омраза, говор на омраза и формите на овие дела сторени онлајн;
- Зајакнување на механизмите за контрола, одговорност и отченост на полицијата и обвинителствата преку унапредување на нивната независности, капацитети, надлежности и буџети;
- Декриминализација на сексуалната работа како модел на регулација заснован на човекови права и со кој се овозможува заштита на сексуалните работници од родово засновано насилство;
- Унапредување на пристапот до здравствена заштита во затворите, редовни контроли и санкции за одговорните лица и здравствените работници кои одбиваат да пружат здравствени услуги на затворените лица;
- Усогласување на здравственото законодавство со Законот за спречување и заштита од дискриминација, со фокус на поставување на ефикасни процедури и механизми за заштита од дискриминација и заштита на другите права на пациентите;
- Развивање на сервиси и услуги за жртви на родово засновано насилство, помеѓу кои и бесплатна правна помош, пријателски настроени кон сексулните работници во Полошкиот регион;
- Продолжување на реформите во областа на социјалната заштита со фокус на пристапот до правда преку јакнење на капацитетите на центрите за социјална работа и воспоставување на ефикасни, брзи и транспарентни постапки за одлучување по правата и за одлучување по жалби;
- Јакнење на капацитетите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за сензибилизирање за работа со маргинализирани групи и за правилна примена и разбирање на домашното и меѓународното антидискриминационо право.

Проектот е финансиран
од Европската Унија